**РЕЗИМЕ ЗА ПРОЕКТОТ**

| | |
|---|---|
| Назив на проектот | Заштита на слободата на изразување и независноста на медиумите како столбови на демократијата во Република Северна Македонија |
| Поддржано од | Европска Унија |
| Програма | EU support for Enhancing Journalists Rights - EuropeAid/174039/DD/ACT/MK |
| Улога на ЗНМ | Носител на проектот |
| Вкупен буџет на проектот: | EUR 157,891.34 |
| Грант од донаторот: | EUR 149,996.77 |
| Период на реализација | 1 јануари 2023 –31 декември 2024 |
| Територија | Северна Македонија |
| За проектот | **Резиме** |
| Контекст | Во Северна Македонија, во последните неколку години бевме сведоци на привиден напредок што често резултира со негативни последици кога станува збор за состојбата на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите, како и на спроведувањето на постојното национално законодавство поврзано со медиумите. Парламентот сè уште не успева да усвои клучни закони важни за медиумскиот сектор и медиумската заедница повеќе од две години, што често доведува до впечаток дека едноставно нема политичка волја за носење одржливи решенија кои би ги подобриле условите во кои новинарите работат. |
| Цел | Општата цел на проектот е да придонесе за создавање поповолна правна и политичка средина што ќе овозможи практикување на слободата на изразување и независноста на медиумите како столбови на демократијата во РСМ, но истовремено да придонесе во заштитата на основните права на новинарите.<br>Краткорочната цел на проектот е да се поттикне поголема новинарска солидарност и да се зајакне улогата на ЗНМ во заштитата на новинарската професија и промовирањето на одржливи системски решенија за поповолна медиумска средина, во дијалог со медиумската заедница и носителите на одлуки при креирање медиумски политики. |
| Целни групи | Надлежни државните институции за медиумските политики и правата на новинарите (релевантни министерства, парламентарни групи, политички партии, независни државни тела итн.); Новинари; Професионалната медиумска заедница /ГО; Меѓународни организации и мрежи (EFJ, FH, CPJ, ECPMF, RsF, SEEMO) |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати | 1. Извештај за правата на новинарите, слободата на изразување и независноста на медиумите подготвен на партиципативен начин и во соработка со стратешкиот партнер на ЗНМ (EFJ);<br>2. Подготвен и одобрен нов стратешки план 2023-2026 кој ги отсликува потребите на членовите на ЗНМ; Новинарските секции во ЗНМ се консолидирани и со подобрен капацитет за меѓусекторска дебата и солидарни акции/реакции<br>3. ЗНМ ги потврдува/зајакнува врските со националните и меѓународните медиумски организации и граѓанските организации зачовекови права и владеење на правото |
| Носечки активности | Проектните активности се организирани во 3 кластери на активности, од кои секој води до одреден проектен резултат.<br>Активност 1 : Ангажирање во конструктивни консултации и соработка со медиумската заедница и надлежни државните институции за медиумските политики и правата на новинарите.<br>Активност 2 : Зајакнување на стратешките капацитети на ЗНМ ;<br>Активност 3: Прифаќање и поддршка на предлозите на ЗНМ |